22170

Н. Македонија, 6. V. 1975, 10 15 8, 11

ВО ЈУНИ ВО ХАНОВЕР

# ИЗЛОЖБА НА СОВРЕМЕНАТА ЈУГОСЛОВЕНСКА КАРИКАТУРА

## ИСТАТА ИЗЛОЖБА ВО СЕПТЕМВРИ ЌЕ БИДЕ ПРЕНЕСЕНА ВО СКОПЈЕ, ВО РАМКИТЕ НА VII СВЕТСКА ГАЛЕРИЈА НА КАРИКАТУРИ

Под покровителство на Сојузниот завод за културни врски со странство, а во организација на Светската галерија на карикатури и Музејот на современата уметност во Скопје, во текот на јуни оваа година во Галеријата Wilhelm busch geseliscnaft во Хановер, ќе биде отворена репрезентативна **изложба на современата југословенска карикатура.** Комесар на изложбата е **Дарко Марковиќ,** директор на Светската галерија на карикатури во Скопје.

На изложбата ќе бидат застапени околу 40 еминентни карикатуристи од сите републики. Тие ќе бидат претставени со по пет карикатури на слободни и ангажирани теми.

Изложбата на современата југословенска карикатура од Хановер, во септември оваа година ќе биде пренесена во Скопје, во рамките на VII Светска галерија на карикатури.

Меѓу излагачите од СР Македонија на изложбата учествуваат: **Сунчица Божиновска, Живко Козар, Љупчо Гогов, Славољуб Игњат, Владимир Боројевиќ, Владо Јоциќ** и **Дарко Марковиќ.**

Н.М. 6.V.75